**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**
**Уп1 Бр. 08 - 317**
**21 . 10 .2022 година**
**С к о п ј е**

Врз основа на член 18 став 1 алинеја 20, член 23 став 1 алинеја 4 и член 85 став 1 алинеја 2 и став 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.42/20 и 77/21), а согласно член 10 став 5 од Деловникот за работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (Пречистен текст) арх.бр.01-3732/1 од 29.07.2019 година, Известувањето за престанување на вршење на дејност од Трговското радиодифузно друштво телевизија КАНАЛ-21 ДООЕЛ Велес (Уп1 бр.08-317 од 05.10.2022 година), Дополнување - Известување за престанување на вршење на дејност (Уп1 бр.08-317 од 10.10.2022 година) и Заклучокот арх.бр.02-3850/2 од 21.10.2022 година, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, на 40-та седница одржана на 20.10.2022 година, донесе:

**Решение**
**за бришење од регистарот на радиодифузери**

1. СЕ БРИШЕ од регистарот на радиодифузери, Трговското радиодифузно друштво телевизија КАНАЛ-21 ДООЕЛ Велес.

2. Решението се објавува во „Службен весник на Република Северна Македонија” и на веб страницата на Агенцијата.

3. Ова решение влегува во сила веднаш.

**О б р а з л о ж е н и е**

Трговското радиодифузно друштво (ТРД) телевизија КАНАЛ-21 ДООЕЛ Велес, е имател на дозвола за телевизиско емитување, бр.08-49 од 05.01.2015 г., со важност од 9 (девет) г. (од 5 јануари 2015 г. до 4 јануари 2024 г.), за емитување преку јавна електронска комуникациска мрежа која не користи ограничен ресурс, на локално ниво на подрачјето на Општина Велес, Општина Чашка и Општина Градско, телевизиски програмски сервис со претежно забавен општ формат, на македонски јазик.

На 05.10.2022 г. ТРД телевизија КАНАЛ-21 ДООЕЛ Велес, по електронски пат, на официјалната е-маил адреса (contact@avmu.mk) на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (Агенцијата) достави Известување за престанување на вршење на дејност (Уп1 бр.08-317), во прилог на кое беше доставена Изјава за престанок на важност на дозволата за телевизиско емитување по сила на закон, дадена од страна на Зоран Ставрев од Велес, во својство на управител и единствен основач/сопственик на радиодифузерот, заверена на нотар УЗП бр.6279/2022 од 05.10.2022 г., со која изјавува дека ТРД телевизија КАНАЛ-21 ДООЕЛ Велес заклучно со 08.09.2022 г. престанува со емитување на телевизиска програма. При увид во доставената изјава, од страна на Агенцијата беше констатирано дека во истата треба

да се извршат одредени корекции. Со оглед на наведеното, ТРД телевизија КАНАЛ-21 ДООЕЛ Велес, по електронски пат, на официјалната е-маил адреса (contact@avmu.mk) на Агенцијата достави дополнување - Известување за престанување на вршење на дејност (Уп1 бр.08-317 од 10.10.2022 г.), со во прилог нова коригирана изјава дадена од страна на Зоран Ставрев од Велес, во својство на управител и единствен основач/сопственик на радиодифузерот, заверена на нотар УЗП бр.6365/2022 од 10.10.2022 г., со која изјавува дека ТРД телевизија КАНАЛ-21 ДООЕЛ Велес заклучно со 07.09.2022 г. престанува со емитување на телевизиска програма. Наведениот радиодифузер нема долг кон Агенцијата.

Согласно член 85 став 1 алинеја 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (ЗАВМУ), дозволата за телевизиско или радио емитување престанува да важи по сила на закон со писмена изјава на имателот со која се известува Агенцијата дека престанува со емитувањето на радио или телевизиска програма. За престанок на важност на дозволата за телевизиско или радио емитување по сила на закон Советот не носи одлука. Агенцијата ќе го избрише радиодифузерот од регистарот на радиодифузери доколку дозволата престанала да важи по сила на закон (член 85 став 2).

Следствено на наведеното, а имајќи го предвид членот 85 став 1 алинеја 2 и став 2 од ЗАВМУ, како и напредцитираната писмена Изјава заверена на нотар УЗП бр.6365/2022 од 10.10.2022 г., исполнети се законските услови за бришење на радиодифузерот ТРД телевизија КАНАЛ-21 ДООЕЛ Велес од регистарот на радиодифузери.

Врз основа на член 18 став 1 алинеја 20, член 23 став 1 алинеја 4 и член 85 став 1 алинеја 2 и став 2 од ЗАВМУ, Изјава за престанок на важност на дозволата за телевизиско емитување по сила на закон, дадена од Зоран Ставрев од Велес, во својство на управител и единствен основач/сопственик на ТРД телевизија КАНАЛ-21 ДООЕЛ Велес, заверена на нотар УЗП бр.6365/2022 од 10.10.2022 г., а согласно член 10 став 5 од Деловникот за работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги арх.бр.01-3732/1 од 29.07.2019 г. и Заклучокот арх.бр.02-3850/2 од 21.10.2022 година, се донесе решение како во диспозитивот.

**Агенција за аудио и**
**аудиовизуелни медиумски услуги,**
**Претседател на Советот,**

____________________________
**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**

**Правна поука:** Против ова решение радиодифузерот може да поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд. Тужбата за поведување на управен спор се поднесува во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

**Доставено до:**
- Секторот за информатичка поддршка и општи работи - Архива;
- Секторот за правни работи и јавни набавки;
- Секторот за финансии и логистика;
- Назначените лица во Агенцијата за водење на Уписникот Уп1;
- Трговското радиодифузно друштво телевизија КАНАЛ-21 ДООЕЛ Велес;
- Управителот на Трговското радиодифузно друштво телевизија КАНАЛ-21 ДООЕЛ Велес и
- Агенцијата за електронски комуникации на РСМ.